# Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ОКТОМВРИ 2014 - БРОЈ 24



# НОВО ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ

www.gazibaba.gov.mk

БЕСПЛАТНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА
0800-42222
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

БРОЈ ЗА СМС КОМУНИКАЦИЈА
070/254-772
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

# Потпишан договор за сертифицирање на Гази Баба, со поволно деловно опкружување



На II Национална конференција која се одржа во Скопје, претставници од локалната самоуправа и претставници на бизнис секторот во Македонија дискутираа за перспективите и условите на стопанисување во општините во Македонија, како и за значењето што БФЦ СЕЕ програмата (Сертификација на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа) го има за воведување на



стандарди за ефикасна администрација во регионот.

На конференцијата, на свечена церемонија градоначалникот Тони Трајковски го потпиша договорот за вклучување во процесот на сертификација заедно со Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС и г-дин Митко Алексов, извршен директор на ССК.

Договори за сертифицирање потпишаа и градоначалникот на град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Богданци, Анастасија Олумчева и градоначалникот на општина Прилеп, Мар-






јан Ристески.

На конференцијата се обратија и градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев и претседателот на Советот на општина Велес, Александар Колев, кои се првите општини сертифицирани со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа, како и директорот на агенцијата за локален економски развој на град Лесковац, Република Србија, кои со присутните ги споделија своите искуства во процесот на сертификацијата и важноста на институционалната поддршка на програмата на сертификација во насока на унапредување на конкурентноста на локалните самоуправи и воопшто за промовирање на инвестиции во Југоисточна Европа.

Сертификација на општините со поволно деловно опкружување е единствена програма за подобрување на квалитетот на услугите и информациите, кои општините во регионот на Југоисточна Европа им ја овозможуваат на стопанствениците.



Програмата за сертификација им дава на општините јасни насоки за тоа како да креираат добра деловна клима.

Инвеститорите кои сакаат да го преместат или прошират своето работење во Југоисточна Европа, БФЦ СЕЕ им служи како стандардизиран механизам за проценка на локалните услови за работење и укажува на тоа кои општини во регионот имаат најдобра клима за инвестирање.

# Реконструкција на детски игралишта





Надлежните служби на општина Гази Баба во изминатиот период изведоа реконструкција на детски игралишта на теритрија на општината.
Игралиштата се опремени со детско-забавни реквизити, лулашки, клацкалки и лизгалки и со урбана опрема, клупи и корпи за отпадоци.



## *Изведба на водовод на улица Никола Киров Мајски*

Општина Гази Баба и ЈП Водовод и канализација овозможија изведба на водоводен систем за пивка вода на улицата "Никола Киров Мајски" во населбата Хиподром. Старата водоводна мрежа која технички и технолошки не беше исправна, беше заменета со нова која на жителите од оваа улица, во делот каде се наоѓаат семејни куќи, ќе им овозможи поквалитетна пивка вода. Материјалот за изведбата на новата водоводна мрежа го финансира општина Гази Баба, а монтажата на полиетиленски цевки со Ф 150 мм и должина од 215м ја изврши ЈП Водовод и канализација.



Целокупната инвестиција за оваа активност изнесува 860,000.00 денари.

## Проширување на паркинг



Општина Гази Баба по барање на граѓаните, направи проширување на паркинг простор на ул. "Жан Жорес" во н. Хиподром, поради подобар пристап на возила за итни случаи и возила на комунална хигиена при вршење на нивната работа.
За оваа активност Општина Гази Баба од својот Буџет издвои околу 250.000,00 денари.





## Улично осветлување

Во општина Гази Баба континуирано се работи на одржување на уличното осветлување и поставување на нови линии.






# Повеќенаменско игралиште во Триангла





Во н.м. Триангла, беше пуштено во употреба повеќенаменско игралиште за фудбал, кошарка и ракомет, кое е дел од проектот за изградба на 100 мултифункционални игралишта во Република Македонија. Изградбата на ова игралиште изнесуваше 7.000.000,00 денари. Пред присутните граѓани од Триангла и Гази Баба се обратија претседателот на Владата на РМ, Никола Груевски, директорот на Агенцијата за млади и спорт, Марјан Спасески и градоначалникот Тони Трајковски.



# Косилки за трева за урбаните заедници



По иницијатива на урбаните заедници и заедниците на станари, општина Гази Баба набави косилки, кои во паркот на плоштадот во Автокоманда беа доделени на урбаните заедници Автокоманда, Железара, Триангла, Хиподром, "Крсте



Мисирков", Маџари 2 и "Јане Сандански".

Косилките за трева ги користат заедниците на сопственици на станови (куќни совети), по претходен договор со секретарите на урбаните заедници. За користење на косилките, општината ќе обезбеди и гориво.

Иако на територија на општина Гази Баба работат 60 сезонски работници, потребна е и поддршка од граѓаните да се вклучат во заедничкото уредување на парковите и парковските зеленила.

Доколку има интерес и од другите урбани и месни заедници, општината ќе обезбеди дополнителен број на косилки кои ќе ги ставиме на располагање на нашите граѓани, со апел сите заедно совесно да се однесуваме кон опремата за да можеме подолг временски период да ја користиме.



# *Санација на патен премин преку железничка пруга во Триангла*



Општина Гази Баба во соработка со Македонски железници и МВР - СВР Скопје, изврши санација на патниот премин преку меѓународната железничка пруга во н. Триангла, кој ги спојува улиците "Перо Наков" и "Благоја Стефковски".

Постојната состојба на преминот беше во многу лоша состојба и беше потенцијална опасност како за патниот, така и за железничкиот сообраќај.

Со оваа активност опфатено е санирање на железничката пруга ( прагови, шини и спојки ) и комплетна замена на асфалтниот слој . Беше интервенирано на површина од околу 250м2 при што беа вградени 37 тони асфалтна маса.

Со завршување на оваа активност се овозможува зголемен проток на возила , зголемување на брзината на движење и намалување на оштетувањата на возилата преку овој патен премин.

Работите ги изведуваше фирмата Изолација Скопје, а општината за овие активности од својот буџет издвои 260.000,00 ден.



# Повеќенаменско игралиште во Автокоманда



Во населба Автокоманда е изградено повеќенаменско спортско игралиште кое ќе може да се користи за играње на баскет и фудбал. Целокупната инвестиција за изградба на спортското игралиште изнесуваше 1,500,000.00 денари. Општина Гази Баба ќе инвестира во изградба на уште спортски игралишта во оние населни места каде граѓаните ќе пројават иницијатива.



## *Игралиште за баскет во Хиподром*

Во населба Хиподром на ул. Жан Жорес до зградата бр. 129, се изврши оградување на спортско игралиште за баскет со димензии 15x15м и беше поставена урбана опрема, клупи и корпи за отпадоци.

# *Отстранување на цевки од каналот во Чентo*





ЈП "Улици и патишта" и општина Гази Баба извршија отстранување на армирано - бетонските цевки од атмосверскиот канал во Ченто. Цевките беа монтирани пред десетина години, по барање на граѓаните кои жиеат покрај каналот, поради миризбата која се чувствувала од него.

Поради обилните врнежи, кои ги имавме изминатиот период, се покажа дека постојните цевки немаат соодветен пропусен капацитет и од таа причина се пристапи кон нивно отстранување, со што ќе се решат проблемите на граѓаните кои ги имаа со излевањето на каналот.

Цевките ќе бидат употребени за проширување на главната улица во н.м. Идризово.








# Канцеларија на Агенцијата за вработување во Гази Баба

Во општина Гази Баба се отвори дисперзирана канцеларија на Агенцијата за вработување. Со отворањето на канцеларијата, на граѓаните на општината ќе им се овозможи полесно да дојдат до услугите на Агенцијата.

Наша цел е да обезбедиме повеќе институции во кругот на општината, за да можат граѓаните кога доаѓаат, на исто место да можат да завршат повеќе работи, на отворањето рече градоначалникот Тони Трајковски.

Со отворањето на оваа канцеларија, целата комуникација со Агенцијата граѓаните ќе можат да ја обавуваат поблиску до нивните домови, а воедно и да ги користат сите услуги на Агенцијата, истакна директорот Влатко Поповски.

Канцеларијата се наоѓа во барака број 3, соба број 50 и работи секој работен ден од 8:30 до 16:30 ч.

# *Презентација за можности за финансирање на претпријатија*



Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со општина Гази Баба, организираа презентација за можности за финансирање на претпријатија на која присуствуваа претставници од микро, мали и средни претпријатија и претставници од факултетите, сместени на подрачјето на општината.

Присутните на оваа работилница ги поздрави градоначалникот Тони Трајковски и ја објасни потребата од организирање на вакви средби, со цел да им се помогне на претпријатијата во реализирањето на развојните проекти кои ги имаат и можноста за искористување на средствата од фондовите.

Директорката на Фондот, Јасмина Поповска го објасни начинот на функционирањето на Фондот за иновации и технолошки развој, кој има за цел промовирање и поттикнување на иновациска дејност, подобрување на пристапот до финансиски услуги за иновации, развивање на инфраструктура за иновации и технолошки развој и развој на партнерства помеѓу универзитетите, истражувачките центри и приватниот сектор во Република Македонија.

Фондот ги поттикнува иновациите и нивното вклучување во главните текови во приватниот сектор (комерцијализација), за да изгради конкурентна економија основана на знаење.







# Мобилни полициски станици

Земајќи ги во предвид сугестиите и барањата на граѓаните, МВР по новата Програма за работа изготви проект, кој се однесува на мобилни полициски станици,најповеќе за руралните делови на општините. Со воведувањето на овој Проект, ќе се скратат процедурите, помалите настани граѓаните да не мораат да одат да ги пријават во Полициските станици, кои се доста оддалечени од нивното место на живеење.

Овој концепт подразбира постојано присуство на полицијата со возило, т.н. мобилна полициска станица, каде граѓаните ќе можат да побараат совет, одредена помош или информација која им е потребна, а исто така возилото ќе биде опремено со сите потребни обрасци и документи, потребни за функционирање на овие мобилни полициски станици.



Вработените во МВР покрај тоа што ќе постапуваат по сите прашања кои се под нивна надлежност, во случај граѓаните да имаат потреба од информација во врска со друга институција, ќе настојуваат да им излезат во пресрет, правејќи линк помеѓу институциите и граѓаните, изјави министерот за внатрешни работи, Гордана Јанкулоска.

Градоначалникот Тони Трајковски потенцираше дека едно од барањата на граѓаните кое е произлезено од состаноците на УЗ и МЗ било токму формирањето на мобилни полициски патроли, во насока на зголемување на комуникацијата на вработените во МВР и граѓаните, а исто така и подобрување на квалитетот на извршувањето на услугите, во интерес на граѓаните.

Општината во реализиација на овој Проект, помага со обезбедување на простории во урбаните и месните заедници, за одржување на средби со поголеми групи на граѓани. Вклучени во Проектот ќе бидат и секретарите на УЗ и МЗ кои преку соопштенија ќе ги информираат граѓаните во кое место и во кое време мобилните полициски станици ќе бидат присутни во нивното населено место.



# *Еколошка акција „Македонија без отпад“*

Во општина Гази Баба на кејот на реката Вардар во н. Керамидница трета година по ред, се спроведе еколошката акција "Македонија без отпад". Оваа акција се спроведува на територија на цела Македонија, овој пат во рамките на неколку општини, каде се чистат одредени локации.

Во акцијата учествуваа заменик министерот за Животна средина и просторно планирање, Стево Темелковски, градоначалникот Тони Трајковски, пратеничката, Лилјана Поповска, општинската администрација, припадниците на Армијата на Р. Македонија, ЈКП Гази Баба, ЈП Паркови и зеленило на град Скопје, здруженија на граѓани и







жители од општината.

Целта на акцијата е да се подигне свеста кај граѓаните за овозможување на почиста животна средина. Градоначалникот апелираше до сите граѓани на општина Гази Баба и Градот Скопје да се грижат за својата околина, редовно



да се собира отпадот, да не се фрлаат отпадоци во реката Вардар и во околината која живеат и редовно да се коси тревата.

Во општината е зголемен и бројот на комунални редари кои ја секојдневно ја контролираат состојбата на терен.

# Потпишување на конзорциумски договор за стратешка соработка



Градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, градоначалникот на општина Тетово, Теута Арифи, директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот во земјоделието, ректорот на Универзитетот на Југоисточна Европа, директорот на ЕМКИЦЕ - Центар за ЕУ фондови и иновации и Македонската бизнис ангел мрежа, директорката на Њу менс бизнис акцелератор, Илумине - центар за ИКТ во образованието, претставници од Технолошкиот парк од Тетово, Институтот за животна средина и здравје и Централен регистар на РМ, потпишаа конзорциумски договор за стратешка соработка за директни ЕУ фондови за периодот 2014 - 2020 год.

Странски партнери на македонскиот конзорциум се Европската мрежа бизнис ангели - (ЕБАН), Европската мрежа на Бизнис Иновациски центри - (ЕБН) преку најстарата членка од Ирска (ЊестБИЦ), Европскиот бизнис Акцелератор и платформата за иновации, фондацијата Finnovaregio.

Соработката помеѓу академскиот, приватниот, невладиниот и јавниот сектор, поддржан од странски партнерски организации ќе придонесе за нови вработувања, зајакнување на претприемачкиот еко систем во земјата и поврзување на странски партнери од ЕУ земјите за освојување на нови пазари и пласирање на нашите производи.

Стратешката соработка е за периодот 2014 -2020 за кои се предвидени активности и апликации на програмите (Хоризон 2020) со буџет од 80 милијарди евра и COSME 2014 - 2020 со буџет од 2,7 милијарди евра.



# *Регионална конференција за развој на руралниот туризам*

Во организација на Центарот за жени претприемачи и ЦЕИ се одржа Конференција на тема "Иницијатива на жените за развој на руралниот туризам" која ги обединува клучните лица од државните членки на ЦЕИ кои се вклучени во полето на зајакнување на претприемништвото и претставниците на институции и национални мрежи кои работат на развојот на руралниот туризам.





На Конференцијата свое обраќање имаше градоначалникот Тони Трајковски, кој ги поздрави присутните гости и иницијативата за организирање на ваков настан во Општина Гази Баба.

Тој ја презентираше позиционираноста на општината, потенцирајќи дека од вкупната површина од 92 км2 65% се наоѓа во неразвиено подрачје.

На настанот присуствуваа претставици од многу релевантни организации, институции и приватниот сектор од нашата земја и државите Албанија, Бугарија, Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Унгарија и Италија.



На Конференцијата се потпиша Меморандум за соработка меѓу присутните учесници, со кои се дефинира платформата за идната соработка и активностите за развоја на руралниот туризам во регионот.

Општина Гази Баба во соработка со Центарот за ЕУ фондови и комерцијализација на иновации- ЕМКИЦЕ организираа работилница за можностите кои општината во соработка со деловниот, академскиот, јавниот и приватниот сектор ќе можат да ги искористат придобивките од европските фондови како и за подобрување на кооперативноста меѓу различни видови ентитети и нивно вмрежување.

Оваа работилница пред се, произлезе како еден од заклучоците на Бизнис форумот кој беше организиран во декември минатата година и побуди голем интерес од страна на компаниите да се запознаат подетално со можностите кои ги имаат за да ги искористат ЕУ фондовите 2014-2020 година.




# Информативен форум и практични работилници

Ваквиот тип на трибини ќе овозможи да се зголеми информираноста во сите сектори кои се заитересирани за искористување на овие ЕУ фондови, кои со заеднички сили и подобра организација ќе можат да ги почувствуваат бенефитите за развој во сопствените области но и воопшто за подобрување на состојбата во нашата земја.

## *Теренска активност од проектот „Запознавање со биодиверзитет во околина на селото Раштак“*

Истражувачкото друштво на студенти биолози (ИДСБ) ја одржаа првата теренска активност во околината на с. Раштак. Запознавањето на природните вредности кои не опкружуваат, познавањето на флората и фауната како компоненти на екосистемите од кои зависи одржувањето на рамнотежата во биосферата е потребно за нивно зачувување.

Спроведените истражувања ќе бидат наменети за сите посетители на овој регион, да се запознаат со карактеристичните видови на растенија, габи, инсекти, пајаци, влечуги, птици, кои му даваат обележје на овој предел, а ќе биде изработена и информативна табла со регистрираните податоци.

Со реализација на овој проект ќе се допринесе за афирмација на ова подрачје, но и за подигнување на свеста кај граѓаните за важноста за зачувување на биолошката разновидност, за зачувување на растителните заедници и екосистеми на овие предели блиску до центарот на градот.



На првиот терен, на кои работат учесници од 11 области од биологијата, започнаа со евидентирање на диверзитетот по течението на реката Раштак (Калеш Мара) над селото по обележана патека, а беа опфатени и околните ливадски екосистеми.



## *Креативни работилници*

Општина Гази Баба во соработка со Организација на жени на Гази Баба, ги реализираа креативните работилници, кои се дел од Програмата за култура за 2014 година. Жените од Гази Баба и сите оние кои беа заинтересирани, учеа разни вештини за изработка на украсен накит, плетење на чипки, изработка на реплики од носии и друго.

По завршувањето на првиот циклус на креативните работилници, беше одржана презентација и изложба од изработките од одржаните работилници. На работилницата со свои изработки, покрај членките на ОЖГБ учествуваа и членовите од Здружението на лица со телесен инвалидитет "Мобилност" од Скопје.



РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА

# Алтернативни извори на енергија преку трансфер на знаење



Во н.м Стајковци се одржа работилница на тема "Алтернативни извори на енергија преку трансфер на знаење" наменета за граѓаните од Општина Гази Баба. Работилницата беше организирана од страна на општината и тимот на CeProSARD - Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој.

На работилницата се разговараше на неколку теми, за енергетска ефикасност, производство и користење на енергија од обновливи извори во земјоделството и сточарско земјоделско производство.

На истата присуствуваа и претставници од Земјоделското здружение "Каварџик" како и локалните земјоделци.






# Корисни информации за земјоделците

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во соработка со општина Гази Баба за потребите на земјоделците на територијата на општината отвори подвижна канцеларија, која ќе ги опслужува сите земјоделски стопанства со советодавни услуги.

Целта е да се овозможи трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација во насока на подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското стопанство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари во ЕУ и пошироко, одржлив развој на земјоделството руралните подрачја, како и поддршка во развојот и реализација на аграрната политика.

Во делот на владините програми за земјоделство АПРЗ дава бесплатна советодавна поддршка во изработката техничките советодавни пакети, бизнис програмите, подготовката на барања по сите владини програми како што се ИПАРД, ПРР - Програма за рурален развој, ДЗХП - Добра земјоделска и хигиенска пракса, Програма за директни плаќања и Закуп на земјоделско земјиште.

## *Отворени денови за социјална заштита*

Проектот "Отворени денови за социјална заштита во рурална средина" во изминатиот период се реализираше на територијата на општината. Преку овој проект населението се информира за остварување на правата на социјална и постојана парична помош, како и за другите социјални услуги кои ги нудат Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа и Општината Гази Баба.

# Донација за Детска клиника







Општина Гази Баба оваа година на одделението за неврологија донираше - 28 јоргани и 30 перници, со што ја продолжува соработка со Клиниката за детски болести. Градоначалникот Тони Трајковски и директорката на кли-



никата, Д-р Аспасија Софијанова, оствариja средба на која разговараа за досегашната успешна соработка и за нејзино продолжување.

Донациите се овозможуваат од средства кои општината ги собира од одредени културни активности и наменски донации, а целта е да дадеме придонес за подобрување на условите во Детската клиника.

# *Отворен Регионален центар за соработка со бизнис заедницата*

Министерството за локална самоуправа и Скопскиот плански регион го отворија првиот Регионален центар за соработка со бизнис заедницата.

На прес конференцијата која беше одржана по овој по-




вод, се обратија директорката на Скопскиот плански регион, Анета Лозановска, министерот за локална самоуправа Лирим Шабани и градоначалникот Тони Трајковски.

Градоначалникот ја поздрави иницијативата на Владата на РМ и на Министерството за локална самоуправа, со поддршка на УНДП за отворање на еден ваков центар, со што ќе се придонесе за подобра комуникација и подобра заедничка соработка со бизнис заедницата, како во делот за побрза размена на информации и услуги, така и во делот на иницирање на заеднички проекти со бизнис секторот, пред се со коморите, бизнис заедниците, кластерите, инкубаторите, невладините организации, академскиот сектор, се во Насока на поголема конкурентност при аплицирање на ЕУ фондовите.






# Откриено спомен обележје

Во паркот во Автокоманда, беше откриено спомен обележје на прогонуваните, судените, затвораните, убиените и







упокоените за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност од 1944-1991 година.

*"Овој паметник ќе одбележи еден дел од историјата на Република Македонија кога за идејата за самостојна, независна Македонија многу граѓани од тогашниот комунистички режим биле затворани, прогонувани, некои убиени, а на некои им ги конфискувале имотите. Ние имаме обврска дел од таа историја да ја негуваме и да ја оставиме во наследство на идните генерации", во своето обраќање истакна градоначалникот Трајковски.*

Семејствата на прогонуваните, судените, затвораните, убиените и упокоените за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност од 1944-1991 година отсега ќе можат пред овој паметник да изразат почит кон своите најблиски.





# *Со почит кон Методија Андонов Ченто*

По повод 57 годишнината од смртта на првиот претседател на президиумот на АСНОМ и првиот претседател на Македонија - Методија Андонов Ченто, пред споменикот во паркот во н. Ченто, делегации од Општина Гази Баба, предводена од градоначалникот Тони Трајковски, Советот на општината, предводена од претседателот на Советот Милан Андоновски, претставници од урбаните и месните заедници, здружение на пензионери, граѓани, општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ Гази Баба , Унија на жени на ВМРО ДПМНЕ и Унија на млади сили на ВМРО ДПМНЕ, му одадоа почит и положија свежо цвеќе.





# Подготовки пред учебната година



Пред почетокот на учебната 2014/2015 година во основните училишта беа извршени подготовки за подобрување на условите за работа Активностите беа реализирани со средства од Буџетот на општина Гази Баба и на основните училиштата во висина од 6.700.000,00 денари.

Пред почеток на наставата во училиштата беа извршени следните подготовки:

- промена и реконструкција на дел од ограда од училишен двор и поставување на нова метална ограда,
- замена на прозорци и врати од соблекувални во фискултурни сали со ПВЦ столарија,
- поставување на метални решетки на прозорци и врата,
- промена на прозорци во училниците,
- молерисување на училници,
- молерисување на цоклиња со мрсна боја во ходници, поправка и санација на надворешни ѕидови со малтерисување, глетување и молерисување со фасадна боја,
- генерално чистење и уредување на училишните згради,
- уредување на зелените површини на училишни дворови,
- набавка на мебел.

Во некои училишта заменет е покривот, со промена на салонитни табли со пластифициран лим.

На овој начин се обезбедија попријатни услови за реализација на воспитно образовната работа во училиштата.



# Реконструкција на ОУ „25 Мај"



Основното училиште "25 Мај" во с. Сингелиќ беше целосно реконструирано со 25 милиони денари, инвестиција на Министерството за образование и наука и општина Гази Баба, како и вклученост на родителите и месните заедници, каде беше променет покривот, прозорците, подот и целосна нова фасада на училиштето, кое сега е енергетски ефикасен објект.

Во посета на реновираното училиште беа градоначалникот Тони Трајковски, министерот за образование Абдилаќим Адеми, заменик министер за образование Спиро Ристовски, советникот при министерството за образование Сафет Незири и претседателот на Совет на општина Гази Баба, Милан Андоновски.





# Прв училишен час

Градоначалникот Тони Трајковски присуствуваше на првиот училишен час во реновираното основно училиште "Наум Охридски" во Раштак и во основното училиште "Дане Крапчев" во Чento.

За добредојде на првачињата, постарите другарчиња подготвија пригодна програма.

На подрачјето на општина Гази Баба има 11 основни училишта и 5 подрачни, во кои учат 7100 ученици, а оваа година во прво одделение се запишаа околу 750 ученици.

Пред почетокот на учебната година во сите основни училишта се направија реновирања на работните простории, на објектите и на училишните дворови.



# Проект „Мултиетничка интеграција во образованието“





По повод промоција на активностите спроведени во рамките на проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието" во ОУ"Крсте Мисирков" беше реализиран отворен ден на кој се презентираа сите заеднички активности на учениците од двете партнер училишта - ОУ"Крсте Мисирков" и ОУ"25 мај".

Отворениот ден беше одбележан со пригодна свеченост и ритмички точки подготвени од страна на учениците од двете училишта кои ја отсликуваа мултиетничноста на средината во која живееме.

Презентации на изработките од учениците беа поставени на штандови и истите се презентираа јавно пред сите присутни на двата наставни јазици на кои се реализира наставата во овие училишта.







# Проект "Цвеќето и зеленилото во нашата општина"



Општина Гази Баба и организација на жени на Гази Баба го реализираа проектот "Цвеќето и зеленилото во нашата општина", каде оваа година се вклучи и ЈП "Паркови и зеленило".

Проектот се реализираше во Детската градинка "Детска Радост" во објектот Калинка во Железара, каде децата активно учествуваа во садењето на цвеќињата, уредувањето и разубавувањето на дворот.







# Акција „засади дрво за мир“

Во сите објекти на градинката "Детска Радост" се одвоваше Акцијата "Засади дрво за мир" 2014, која е во организација на Интернационалната програма "Учење за шумите" (Леарнинг абоут Форест) на Фондацијата за еколошка едукација (ФЕЕ) и ЕНО програмата (ЕНО), додека во Република Македонија се спроведува преку Програмата "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем".

Со учеството во акцијата, градинката се вклучува во светската мрежа на градинки кои работат за создавање на одржлива иднина преку еколошка едукација. Оваа мрежа овозможува реализација на кампањи за мир и одржлива иднина од светски размери.



Настанот ги поврзува децата од целиот свет, насочувајќи ги кон прашања од областа на животната средина. Што е уште поважно, настанот го промовира образованието за мир и ја зголемува свесноста на децата за важноста на дрвата и шумите во светски рамки. Садењето на дрва ја симболизира надежта и трајноста на животот.



Првите дрва ќе бидат засадени напладне во Океанија. Следејќи го сонцето, следните дрва ќе бидат засадени во Азија, Европа и Африка. Конечно, овој синџир на дрва ќе стигне до Америка.







Активност "Зеленчукова градина", која имаше за цел децата да се запознаат со процесот на одгледување и употреба на здрава храна во секојдневниот живот.

Детските вредни рачиња покажаа големо трпение засадувајќи ги насадите во зеленчуковата градина, а потоа секојдневно се грижеа да бидат и соодветно одгледани.

# Здравствена едукација на децата во градинките



Општинската Организација на Црвениот Крст на Општина Гази Баба и оваа година, по четврти пат го реализираа проектот за здравствена едукација на децата во предучилишните установи "25 Мај" и "Детска Радост".

Целта од реализирањето на овој проект е стекнување навики кај децата кои престојуваат во големите групи на градинките за одржување на личната хигиена, надминување на страв од лекар, правилно миење и одржување на хигиената на забите и навика за редовни здравствени контроли.





Спорт, рекреација и ликовна работилница.







# Домашна посета за корисниците на Дневниот центар

Во изминатиот период се извршија посети на неколку семејства кои беа пријавени за домашна посета од страна на Дневниот центар за стари лица во Маџари.

Посетата беше извршна од социјален работник, медицинско лице, волонтери и претставник од стручна служба на ООЦК Гази Баба.

При посетата беа прегледани лица кои добија општ медицински преглед, мерење на крвен притисок, мерење на шеќер во крвта и совети за понатамошно лекување, а социјалниот работник и медицинското лице направија социјална и медицинска анамнеза со која се утврди кои лица и понатаму да бидат посетувани од страна на волонтери на Црвен крст Гази Баба. Волонтерите имаат обврска да ги посетуваат старите лица еден ден во неделата и да ги придружуваат при прошетка, посета на лекар и набавка на потребни производи или лекови, тие и во периодот кој следува ќе остваруваат посети во домашни услови со нови стари лица.

# Час по Македонски ора во Центарот за стари лица

Националниот ансамбл за народни игри и песни "Танец" беше во посета на Дневниот центар за стари лица во Маџари, каде со песни и ора успеа да ги потсети старите лица на македонскиот фолклор и музика и да заиграат на најубавите македонски ора.

Пензионерите прво го изгледаа филмот посветен на историјата и успесите на "Танец", а потоа и самите станаа на оро. Членовите на "Танец" им ги покажаа чекорите на некои македонски изворни ора, на музика од народни инструменти, на кои исто така засвиреа членовите на популарниот ансамбл.

Н.У. "Танец" изрази огромна желба оваа соработка со Дневниот центар да продолжи и во иднина. Посетителите од Центарот добија подарок, компактен диск со македонска музика и ора да ги потсетува на убавато време поминато со играорците од овој ансамбл.





## Часови по Латино танци во Дневниот центар за стари лица

Во Дневниот центар за стари лица имаше посета од двајца инструктори за латино танци од Танцовиот клуб "Ритам плус"-Скопје. Инструкторите со огромна желба ја прифатија поканата за посета на центарот и дружење со корисниците. Целта на посетата беше старите лица да научат да се движат во ритамот на салса и мамба, но прилагодено за нивната возраст и физички можности. Соработката со Танцовиот Клуб "Ритам плус" ќе продолжи и во иднина на барање на старите лица, поради убаво поминатото време во игра и смеа.

## Колачиња направени со многу љубов во Дневниот центар за стари лица

Жените-пензионерки кои го посетуваат Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови, имаа заедничка активност во подготвување на вкусни колачиња.



Старите лица се задоволни од оваа активност и во иднина се надеваат на уште многу активности каде ќе можат да разменат свои рецепти и да ги покажат своите кулинарски вештини.




# Креативни работилници

Старите лица во Дневниот центар повторно ја разбудија својата креативност, но овојпат за изработка на венчиња за коса, алки и ланчиња.
Изработките беа убаво изненадување за сите корисници кои тој ден го посетија центарот
Старите лица во договор со социјалниот работник, изработките ги подарија на дечињата од градинката "Пони" во н. Хиподром, со што ги изненадија девојчињата со рачно



изработените подароци, кои тие радосно ги пробуваа.
Вредните раце на корисниците допринесоа за среќа кај најмалите во градинката Пони.
Исто така корисниците испратија покана до градинката и тие да го посетат центарот и заедно со дечињата да изработуваат накит кој ќе го подарат на други дечиња од градинките на територија на општина Гази Баба
Со следните креативни работилници на старите лица ќе се опфатат и останатите градинки на територија на Гази Баба.

## Сликарска работилница во Дневниот центар за стари лица

Корисниците на Дневниот центар реализираа работилница за цртање на платно. На активноста учествуваа старите лица кои го посетуваат овој дневен центар, кои имаа можност да се забавуваат, споделувајќи ги своите идеи и креации за цртежите кои ги сликаа.
Работилницата помина успешно и со надеж дека вакви активности ќе има и во иднина со цел развој на креативноста и убаво поминато време кај овие лица.



## „Виталиа“ подарува знаење за здравје на лицата од трето доба

"Дневниот центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови" беше посетен од страна на стручни лица од "Виталиа", компанија за здрава храна, кои ги информираа посетителите на Центарот за болестите кои се најзастапени во третата доба од животниот циклус на човекот, за начините на превенција и намалување на штетните последици од истите. На присутните им беа поделени подароци со дел од продуктите од палетата на прозиводи на Виталиа. "Виталиа" уште еднаш ја покажа својата хуманост и несомнено влегува во една од најуспешните компании за развој на општествената одговорност.



## Натпревар во пикадо

Во Дневниот центар за стари лица се одржа натпревар во пикадо. На натпреварот учествуваа десетина стари лица, а останатите корисници го



следеа натпреварот и се забавуваа.
На првите три места им беше доделена по една симболична награда (уметничка слика). Корисниците на Дневниот центар ја поздравија оваа активност, ја оценија како позитивна и како активност која би требала да премине во континуитет во периодот кој следува.

## Презентација на Програмата за работа на Дневниот центар за стари лица

Во просториите на Дневниот центар за стари лица се одржа




презентација на Здружението на пензионери на општина Гази Баба за условите и услугите кои ги нуди Дневниот центар.
На кратката презентација присуствуваа поголем број пензионери кои добија информации за неделните планови и активности кои ги нуди центарот, а пополнија и прашалници за кои активности дополнително би сакале да бидат вметнати во програмите.



# Совет на општина Гази Баба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Милан Андоновски | ВМРО-ДПМНЕ | 070/237-254 | milan.andonovski@gazibaba.gov.mk |
| Маја Стојчевска | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-803 | maja.stojcevska@gazibaba.gov.mk |
| Зоран Костовски | ВМРО-ДПМНЕ | 072/205-339 | zoran.kostovski@gazibaba.gov.mk |
| Невенка Стаменковска | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-814 | nevenka.stamenkovska@gazibaba.gov.mk |
| Ивица Петровски | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-035 | ivica.petrovski@gazibaba.gov.mk |
| Благе Данев | СПМ | 072/254-805 | blage.danev@gazibaba.gov.mk |
| Благојче Трпковски | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-804 | blagojce.trpkovski@gazibaba.gov.mk |
| Јорданчо Тодосиев | ДС | 072/205-192 | jordanco.todosiev@gazibaba.gov.mk |
| Елизабета Стојменова | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-806 | elizabeta.stojmenova@gazibaba.gov.mk |
| Марјан Крстевски | ВМРО-ДПМНЕ | 075/221-216 | marjan.krstevski@gazibaba.gov.mk |
| Игор Атанасовски | ВМРО-ДПМНЕ | 070/261-956 | igor.atanasovski@gazibaba.gov.mk |
| Анета Мишевска - Тодорова | ВМРО-ДПМНЕ | 072/254-997 | aneta.todorova@gazibaba.gov.mk |
| Стојан Блажевски | ТМРО-ВЕП | 072/255-039 | stojan.blazevski@gazibaba.gov.mk |
| Николај Чифутов | ВМРО-ДПМНЕ | 070-223-524 | nikolaj.cifutov@gazibaba.gov.mk |
| Ѓулсефа Куртеши | СРМ | 072/205-849 | gulsefa.kurtesi@gazibaba.gov.mk |
| Александар Каровски | ВМРО-ДПМНЕ | 070/267-561 | aleksandar.karovski@gazibaba.gov.mk |
| Милка Видовска | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-037 | milka.vidovska@gazibaba.gov.mk |
| Светлана Трпкоска | ВМРО-ДПМНЕ | 072/255-042 | svetlana.trpkoska@gazibaba.gov.mk |
| Ирфан Аземов | ДУИ | 072/254-835 | irfan.azemov@gazibaba.gov.mk |
| Фејзула Зендели | ДПА | 072/254-836 | fejzula.zendeli@gazibaba.gov.mk |
| Дарио Николовски | СДСМ | 072/254-830 | dario.nikolovski@gazibaba.gov.mk |
| Димитар Стефановски | СДСМ | 072/254-825 | dimitar.stefanovski@gazibaba.gov.mk |
| Веселка Стојановиќ | СДСМ | 072/254-815 | veselka.stojanovic@gazibaba.gov.mk |
| Сашо Начовски | ВМРО-НП | 072/205-629 | saso.nacovski@gazibaba.gov.mk |
| Мица Младеновска | СДСМ | 072/254-811 | mica.mladenovska@gazibaba.gov.mk |
| Зоран Стојанов | ЛДП | 072/254-810 | zoran.stojanov@gazibaba.gov.mk |
| Цветанка Стојановска | СДСМ | 072/254-807 | cvetanka.stojanovska@gazibaba.gov.mk |











# Решенија за легализација

Од околу 16000 поднесени барања за легализација на бесправно изградени објекти, досега се донесени околу 4300 Решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти на физички и правни лица. Општина Гази Баба воведе повеќе технички мерки за подобрување на динамиката на решавање на предметите, преку тимовите формирани да постапуваат по барањата за легализација кои се составени од вработени во општината и дополнително ангажирани волонтери.



ЖАКЛИНА АНГЕЛЕСКА КОСТАДИНОВСКИ И ПЕТКО КОСТОВСКИ

# 40 години чекорење



**Кога и каде за првпат започна со работа театарот "Чекори"?**

**Ж.А.К./П.К.** Театар "Чекори" своите први чекори ги прави во далечната 1974-та година, во тогашниот Дом на градежници "Кочо Рацин", а од 1978 година се до денес работи во Домот на култура "Димитар Влахов" во Автокомонда и претставува најстара установа од областа на културата во Општина Гази Баба.

Во изминатите години успеа да се наметне во театарските кругови како театар со свој автентичен стил на игра, процес на работа и пред се театарски репертоар во контекст на авторите и претставите кои се играат, најчесто за прв пат поставувани на сцената на Театар Чекори. Театарот е најпознат како театар кој најмногу го гаи театарот на апсурдот, особено неговиот главен стожер Семјуел Бекет.

**Кој е патот по кој чекореше Театарот?**

**Ж.А.К./ П.К.** Театар "Чекори" има одиграно многу претстави и освоено безброј награди, во Македонија и пошироко на Балканот. До 2009-та година и главен двигател во театарот беше маестро Боре Ангеловски, кој далечната 1974 го создал патот по кој веќе 40 години чекори Театар "Чекори". По неговата смрт, ние двајца, Жаклина Ангелеска Костадиновски и Петко Костовски, заедно со триесетина членови, во кои спаѓаат и најмладите чекорци, продолживме да ги чекорат неговите чекори и го продолживме неговиот пат.




**Каква ви е соработката со институциите на локално ниво?**

**Ж.А.К./ П.К.** Иако театарот фунционира во населба Автокоманда речиси 4 децении, соработката меѓу театарот и други институции била инцидентна и периодична, која во изминативе неколку години стана поинтензивна. Имаме соработка со основните училишта на тлото на целата општина и со градинките од населбата Автокоманда, како и со Црвениот Крст на Општината и повеќе други невладини организации кои функционираат во овој реон.

Она што тука треба посебно да се истакне, е најмладата група на членови на театарот, која функционира веќе две години и брои околу петнаесетина членови, а која се создаде како резултат на еден проект од програмата за култура на општината, реализиран помеѓу Театар "Чекори", Општината Гази Баба" и ОУ "Стив Наумов". Проектот заврши, но групата продолжи да работи и веќе две години учествува на одбележување на сите позначајни општински манифестации и претставува симбол на одлично културно вмрежување на институции на локално ниво и вклучување на младите во активностите од уметноста и културниот живот во општината.

**Колку општина Гази Баба дава поддршка на вашиот театар?**

**Ж.А.К./П.К.** Во изминатите години Театар "Чекори" остваруваше најразлични форми на соработка со институциите од областа на културата, кои резултираа со проекти и претстави на заедничко задоволство на двете страни. Општина Гази Баба во континуитет го поддржува театарот и неговите проекти. И тука, освен институционалната релација, мора да се подвлече дека благодарение на индивидуалните ангажмани на градоначалникот на нашата општина, г-динот Тони Трајковски и на г-ѓа Емилија Кипровска, чии што лични придонеси посебно помогнаа во работата на театарот. Веруваме дека оваа година заедно со општината ќе ја реализираме манифестацијата за одбележување на 40 години од постоењето на Театар Чекори и дека подршката и соработката ќе продолжи и во иднина.




**Какви ви се плановите за иднина**

**Ж.А.К./ П.К.** Во годините што следат, пред се ни останува да се надеваме, планираме, фантазираме и активно и креативно да ја градиме иднината на Театар Чекори. Секако дека ќе ги следиме старите урнеци на кои се темели основата на нашиот театар, во смисла на зачувување на "малиот универзум" на ОС "Чекори".

Но, нашите идни планови кои опфаќаат многу претстави, перформанси и други културни настани, се насочени кон посилна интеграција со цел да го приближиме нашиот концепт до поголем број млади луѓе, вљубеници во театрот и театрската уметност, кои ќе бидат идните креатори на некои нови условни реалности, кои ќе ја искристализираат нашава "реалнава", во која живееме и твориме.







# Меѓународен фолклорен фестивал





Во рамките на Културно Лето "Гази Баба 2014" се одржа петтиот Меѓународен фолклорен фестивал Гази Баба, со целовечерни концерти на Плоштадот во Автокоманда, Булачани и Ченто.

На фестивалот учествуваа фолклорни друштва од Бугарија, Словенија, Словачка, Чешка и домаќинот "Јонче Христовски", кои со своите изведби, музика, прекрасните носии од своите држави ја воодушевија присутната публика.
















*Поврзана со папочната врпца.*
*Божица персонифицирана во изглед на жена.*
*Совршени облини, совршено обликувани низ своите рабови.*
*Архитектура на животородност.*
*Големата мајка - серодителка.*
*Култ на плодноста. Мајка над мајките.*

# Манифестацијата "Големата Мајка"

Со овие стихови започна манифестацијата "Големата Мајка", која во чест на сите мајки на меѓународниот ден на мајката, втората недела од мај, по четвртипат во Музејот Неолитско село на археолошкиот локалитет Тумба Маџари, ја организираше општина Гази Баба.

Манифестацијата пред многубројната публика, ја отвори градоначалникот Тони Трајковски, кој ја истакна важноста на мајката, нејзиното значение за домот, семејството и животот во заедницата, всадени во корените на македонскиот народ, милениуми наназад.

На манифестацијата беше промовиран




Проектот "Ајде сите на оро" со преработки на македонски народни песни и ора, од Сашо Митев.

Осврт на проектот" Ајде сите на оро", како резултат на досегашните достигнувања на професионален план од областа на македонскиот фолклор и етномузикологијата на Сашо Митев, даде Проф. Др. Родна Величковска, од Институтот за фолклор "Марко Цепенков" од Скопје.

Во музичкиот дел свој настап имаа Сашо Митев, Златко Мадевски , ЦЕМФ Митеви, Валентина Димитриевска и Давид Темелков. Настанот го водеа Жаклина Ангелеска Костадиновски и Петко Костовски, членови на аматерскиот театар "Чекори".

За време на манифестацијата ученици од основните училишта Крсте Мисирков, Дане Крапчев, 25 Мај, Н.Н. Борче и Вера Јоциќ, твореа ликовни творби од кои на крајот се направи изложба.

За своето залагање и несебична помош во реализацијата на проектот Неолитско село Тумба Маџари, раководителот на проектот, Елена Канзурова му додели благодарница на Градоначалникот Тони Трајковски.

# Манифестацијата "Во чест на Св. Кирил и Методиј"







Во н.м Стајковци се одржа манифестацијата "Во чест на Св. Кирил и Методиј" која е дел од Програмата за култура за 2014 година.

На третата по ред манифестација настапија, Ансамблот за народни песни и игри "Јонче Христовски", КУД "Вапцаров" и македонските естрадни уметници, Круме Спасовски, Блага Петреска, Јоце Панов, Јулијана Маротова, Бојан Маротов, аце Трифуновски, Оливер Милошевски, играорци од ОУ "Кирил и Методиј" и танцова група од истото училиште.







Во рамките на Културно лето Гази Баба, по втор пат во населеното место Јурумлери, кое го слави празникот Петровден, се одржа Манифестацијата "Петровденско чествување".

Пред големиот број на граѓани во музичкиот дел настапија голем број на ѕвезди од македонската естрада

# Манифестација "Патровденско чествување"









# *Манифестација „Денови на солидарност“*

Во Паркот "Борис Трајковски" во Чento, се одржа традиционалната манифестација "Денови на солидарност", посветена на хуманоста и солидарноста на граѓаните од Република Македонија и на целиот свет, за време на катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година.

Присутните жители на Чento и гости имаа можност да уживаат во настапот на Милица Кузмановска, Душко Ѓеоргиевски, Даниела Темелковска, Мишко Крстевски, Дарко Нешовски и Блага Петреска. Оваа манифестација имаше хуманитарен карактер, во кој се вклучија и активисти на Црвениот крст Гази Баба, кои имаа свој пункт за собирање на облека и пакети со храна, кои ќе бидат наменети за оние на кои им е најпотребна.









# Манифестација "Ревија на народни носии, песни и инструменти"

Во манастирскиот комплекс на Црквата Св. Спас во Црешево, по седми пат се одржа манифестацијата "Ревија на народни носии, народни инструменти и песни", која како единствено културно случување од ваков вид во Република Македонија, излегува од рамките на посетеност само на жителите од општина Гази Баба.

Големиот број на посетители имаа можност да се воодушевуваат од спојот на прекрасниот колорит на македонската народна носија, звуците на народните изворни инструменти, на прекрасните гласови на нашите македонски песнопојци и на орото, она кое како традиција се пренесува од колено на колено од нашите претци на младите генерации, како и на народните умотворби.

На сцената продефилираа машки и женски модели кои носеа носии од повеќе краеви на Република Македонија.



Оркестар на изворни инструменти, оркестар чалгии, староградски (тамбурашки) оркестар, КУД "Никола Јонков Вапцаров" од Делчево, солистите на изворни инструменти, Роберт Ангеловски на кавал и Стојанче Костовски на гајда, Ирена Спасовска, Ванчо Тарабунов, Душко Георгиевски , Аце Трифуновски, Перо Цаца и легендата на македонската естрада, Виолета Томовска, се погрижија публиката да ги слушне старите изворни песни, отсвирени на изворни инструменти и македонски староградски песни, а играорците со нивните изведби да не вратат во минатото, кога орото го отсликувало начинот на живеење, радоста, тагата и маката на македонскиот народ.

Доајените на македонското актерство, Ѓокица Лукаровски и Снежана Коневска Руси, изведоа драматизација на умотворби од македонското народно творештво, собрано во делата на Марко Цепенков.







# Отворени забавни фудбалски школи

Општина Гази Баба и Отворените забавни фудбалски школи по осми пат ја организираа спортската манифестација "Отворени забавни фудбалски школи", која е наменета за најмладите жители на општината.

Три дена на стадионот во населеното место Трубарево, над 200 деца од општина Гази Баба на возраст од 6-12 години другаруваа и се забавува низ спортски игри.

Децата беа поделени во неколку групи, а спортските активности се изведуваа под водство на обучени тренери и асистенти, предводени од спортски лидери.











# КОКА КОЛА КУП

Пивара АД Скопје, Кока Кола и Отворени забавни фудбалски школи во соработка со општина Гази Баба, организираа Кока Кола фудбалски куп.

Во училишната спортска сала во ОУ "Крум Тошев" во Трубарево учениците од 7 и 8 одделение учествуваа во фудбалските натпревари, спортуваа, се дружеа и се натпреваруваа.





# Турнир во Стреет баскет



На новото спортско игралиште во н. Автокоманда за првпат се одржа турнир во Стреет баскет на кој учество зедоа 26 екипи од сите општина во градот Скопје, од Битола и Охрид. Новото мултифункционално игралиште жителите ќе можат постојано да го користат за фудбал и баскет. Ова е прва година како се одржува Стрит баскет турнирот со надеж дека ќе прерасне во традиција, секоја наредна година голем број на учесници да можат да спортуваат и другаруваат на овој целодневен турнир. Најдобрите и најподготвени екипи добија соодветни награди. Организатор на настанот беше НВО Нова Урбана Идеја, а покровители беа општина Гази Баба и Градот Скопје.









# МЕЃУНАРОДЕН КАРАТЕ ТУРНИР

# "Солидарност опен"

Во спортската сала М.А. Ченто по четиринаесети пат се одржа меѓународниот карате турнир "Солидарност опен".

Турнирорт е во организација на КК Солидарност, под покровителство на општина Гази Баба и градот Скопје.

На турнирот учествуваа околу 400 натпреварувачи од пет земји - Србија, Црна Гора, Албанија, Косово и Македонија, кои се натпреваруваа во неколку категории во кати и борби.



Во спортската сала М.А. Ченто по осми пат се одржа меѓународниот карате турнир "Гази Баба Опен", во организација на КК Тигар од н. Железара, под покровителство на Општина Гази Баба.

На турнирот учествуваа околу 700-на натпреварувачи или 69 клубови, во повеќе категории од Словенија, Бугарија, Србија, Косово, Албанија, Словачка, Црна Гора и од Македонија.

Севкупен победник на турнирот беше клубот "Форца" од Скопје, второпласиран "Дарис" од Бугарија и третото место му припадна на "Ронин" од Прилеп. За најдобра натпреварувачка беше прогласена Владанка Аврамова од клубот "Урбанинвест" од Кавадарци а за најдобар натпреварувач во машка категорија, Махмут Камилаи од клубот "Форца" од Скопје кој воедно беше и најатрактивен борец и го освои орденот Филип ИИ. На турнирот за најдобар судија беше прогласена Елизабета Димоска.



# Се одржа меѓународниот турнир во карате "Гази Баба Опен"





## Телефони на Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП Водовод и канализација | 0800 22555 бесплатен тел. |
| ЈП Комунална хигиена | 3220 827 |
| ЈП Паркови и зеленило | 3070 112 |
| ЈП Улици и патишта | 3162 317/ 2783 330 |
| ЈСП Скопје | 3174 264 |
| ЈП Паркинг | 3091 072 |

## Контакти со Општина Гази Баба

**Адреса:**
Архимедова 2, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02 / 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02 / 3 21 22 76 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за правни и Општи работи | 02 / 3 22 59 32 |
| Сектор за јавни дејности | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за Финансиски прашања | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за урбанизам, комунални работи и сообраќај | 02 / 3 23 95 34 |
| Сектор за заштита на животната средина и природата | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за локален економски развој | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за инспекциски работи инспекторат | 02 / 3 22 66 55 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 02 / 3 22 56 55 |
| **Факс** | 02 / 3 22 42 52 и 02 / 3 21 51 12 |
| **e-mail** | **redakcija@gazibaba.gov.mk**<br>**mediumi@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |
| **Број за СМС комуникација на општина Гази Баба** | **070/254-772** |
| **Бесплатна телефонска линија на Општина Гази Баба** | **0800-4-22-22** |

Општина Гази Баба

**Редакција:**
Емилија Кипровска
Дејан Стојанов
redakcija@gazibaba.gov.mk

**Печати:**
Европа 92

**Тел:**
+389 (0)2/ 3 22 66 55;